This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## ОКТОМВРИ, 2025



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТИТАНИК“ КОК-59/22

На ден 07.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

На ден 08.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

На ден 28.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судија поротник од здравствени причини.

### „ТАЛИР“ КОК 3/19

На ден 17.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено бидејќи списите на предметот сеуште се во Апелациониот суд.

На ден 27.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 31.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ“ КОК-47/24

На ден 02.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршните зборови од јавниот обвинител и одбраната.

На ден 13.10.2025 година, беше јавно објавена пресудата, при што првообвинетиот беше огласен за виновен за кривични дела „Измама“ и „Перење пари“ со изречена единствена казна затвор од пет години. Второобвинетата беше огласена за виновна за кривично дело „Перење пари“ со казна затвор од две години, пресметана со времето поминато во куќен притвор. Третообвинетата беше огласена за виновна за кривично дело „Перење пари“ со условна осуда казна затвор од една година која нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело во утврдениот рок. Четвртообвинетиот беше огласен за виновен за кривично дело „Перење пари“ со условна осуда казна затвор од една година и шест месеци која нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело во утврдениот рок. Правното лице беше задолжено да плати 1.000.000,00 денари.

### „ИМПЕРИЈА“ КОК-33/23

На ден 13.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 17.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено по барање на еден од обвинетите, поради службени обврски.

На ден 27.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на сведоците.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-112/24

На ден 06.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судијата.

На ден 07.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од страна јавниот обвинител.

На ден 09.10.2025 година, рочиштето за главна расправа продолжи со изведувањето на материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ФЕНИКС“ КОК-12/24

На ден 20.10.2025 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради одсуство на еден обвинет од здравствени причини.

### „СИНЏИР“ КОК-61/24

На ден 07.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на претставник на правниот субјект.

На ден 31.10.2025 година, главната расправа започна одново поради измени во составот на судот. Беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител, а обвинетите се изјаснија дека не се чувствуваат виновни. Потоа беа изведени материјалните докази предложени од странките во постапката.

## Останати судски предмети

### „ТАЛИР 2“ К-297/24

На ден 14.10.2025 година, главната расправа започна одново, при што беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител.

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На ден 08.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на обвинетиот од здравствени причини.

На ден 14.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа преслушани видео и тонски снимки од исказите на двајца сведоци.

### „ОНКОЛОГИЈА“ К-1680/25

На ден 01.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради истакнато барање на одбраната.

На ден 08.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше сослушан законски застапник на починато лице по предлог на јавниот обвинител.

На ден 22.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитана една оштетена и еден законски застапник на починато лице.

### „ЛАТАС И ЛАЗАРОВ“ К- 336/24

На ден 01.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

На ден 30.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршните зборови од јавниот обвинител и одбраната.

### „СПОРТСКИ ВАУЧЕРИ-АМС“ К-884/24

На ден 17.10.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вешто лице предложено од страна на јавниот обвинител.

## „УБИСТВО ВО КРАТОВО“ К-540/24

На ден 29.10.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на судијата.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На ден 01.10.2025 година, Судскиот совет ја одржа 529-тата седница. Го усвои записникот од 527-тата итна седница одржана на ден 03.09.2025 година. Донесе одлука судијата Илјаз Исмаили од Основен суд Гостивар привремено да ја врши судиската функција во Основен суд Кичево во траење од една година, сметано од 16.10.2025 година.